INFOPROJECT 109-620



Културна политика

# "З'Ш ТАКА ТРЕБИТ"

*За одговор на сите пријатни и непријатни прашања поврзани со културната политика, се одлучив за еден изворен (охридски) одговор : "З'ш така требит".*

Седејќи на моето ново работно место, во арт-кафето *Џонатан*, со помош на неколку мои "судбински" врзани пријатели, како што се **Василика, Сашо (Поповски), Бранко (Мирчевски), Сашо (Темков), Сергеј (Андреевски),** мојата внука **Александра** и уште некои други луѓе од околината, тој сончев пролетен ден се обидов да (си) објаснам што е ТОА што се случува во културата, а што нема апсолутно никаква врска со сеопштата непријатна ситуација поврзана со безбедноста во државата. На десетината навидум "нафрлени" прашања, на коишто само делумно може да се одговори за ситуацијата со културната политика на државата, всушност се потпира мојата животна филозофија: што правам јас тука, дали сум јас уметник, кафеанџија или трговец-поединец, имаат ли врска сите овие прашања едно со друго и дали тие, воопшто, можат да ги дадат одговорите на следниве прашања:

Зошто за Националната програма за култура (за период од 5 години) се потребни 5 години подготовка?

Зошто за донесување на Законот за култура се потребни 4 години?

Зошто за реконструкција на Каменот мост се потребни (досега) 3 години?

Зошто има слободни уметници, па потоа ги нема, и тие стануваат трговци -поединци, па потоа нема ништо, за подоцна...?

Зошто за изложби надвор од земјава, кои се посетувани од 20 души, се трошат 20.000, а за изложби посетени од 20.000 души се трошат 20 пари?



Зошто уметниците јадат леб и паштета, а не пиле печено?

Зошто сликарите сликаат со шверцувани бугарски бои купени на пазар или отвораат бутици и кафеани?

Зошто не се врши откуп на уметничките дела, а ако тоа, сепак, се прави, тогаш зошто не е транспарентно?

Зошто ДЛУМ нема море...?

Наместо одговор, мислев првично да го искористам "5-тиот амандман", меѓутоа не знам дали тој воопшто постои во нашиот Устав.

За одговор на сите пријатни и непријатни прашања поврзани со културната политика, се одлучив за еден изворен (охридски) одговор : "З´ш така требит".

*Мирослав МАСИН*